Република Северна Македонија
**Министерство за финансии**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Financave**

– Сектор за правни работи–

Архивски број: 03-4523/7
Датум: 20-03-2023

Друштво за производство, трговија и услуги ИНВЕТО ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ
Бр. 02-03/6
20.03 2023 год.
СКОПЈЕ

ДОГОВОР
за јавна набавка на стоки – алат и потрошни делови за одржување на зградата на Министерството за финансии

Склучен помеѓу:

1. МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, со седиште на ул. „Даме Груев", бр.12 - Скопје, претставувано од Dr. Fatmir Besimi, министер за финансии, во натамошниот текст: договорен орган и

2. ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ ИНВЕТО ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул.„1615" бр.2/31, 1000 Скопје, претставувано од Горан Андоновски, во својство на управител, во натамошниот текст: носител на набавката.

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој договор е јавна набавка на стоки - алат и потрошни делови за одржување на зградата на Министерството за финансии, во се според Листата на цени за алати и потрошни делови која е составен дел на овој договор (прилог кон договорот), а по спроведена постапка од мала вредност, по оглас број 22855/2022.

## II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Вкупната максимална вредност на овој договор без пресметан ДДВ изнесува 200.000,00 денари.

Вкупниот износ на данокот на додадена вредност изнесува 36.000,00 денари.

Вкупната максимална вредност на договорот со пресметан ДДВ изнесува 236.000,00 денари.

Единечните цени за алатите и потрошните делови од член 1 од овој договор утврдени во Листата на цени за алати и потрошни делови (прилог кон договорот), се крајни, фиксни и непроменливи се до конечното исполнување на договорот и во нив се вкалкулирани сите трошоци што носителот на набавката ги има до нивната испорака кај договорниот орган.

Во единечните цени за алатите и потрошните делови наведени во Листата на алати и потрошни делови е содржана цената на алатите и потрошните делови кои се набавуваат, во која се вклучени сите такси, увозни царини и останати давачки за набавка на алатите и потрошните делови и сите останати трошоци кои произлегуваат од извршувањето на услугата.

Вкупната вредност на договорот ќе се утврди врз основа на стварно набавените алати и потрошни делови, при што истата не смее да ја надмине максималната вредност со пресметан данок на додадена вредност.

Договорниот орган не е обврзан да го искористи целиот износ на максималната вредност на договорот.

Член 3

Фактурирањето за испорачаната стока ќе се врши според единичните цени дадени во Листата на цени за алати и потрошни делови (прилог кон договорот), со пресметување на данок на додадена вредност според пропишаната законска стапка.

## III. РОК И НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРЕДМЕТОТ НА ДОГОВОРОТ

Член 4

Испораката на алатите и потрошните делови - предмет на набавката ќе се врши сукцесивно според потребите на договорниот орган и исклучиво врз основа на порачка/барање издадена/о од договорниот орган.

Испораката на алатите и потрошните делови ќе се изврши во рок од 15 (петнаесет) дена, сметано од датумот на приемот на писмената порачка од страна на носителот на набавката.

Писмената порачката од став 1 на овој член треба да содржи: потпис од овластен потписник на договорниот орган, архивски број, печат, вид и количина на стоката што се порачува, место на испорака, рок на испорака и лице за прием на стоката.

Доколку испорачаната стока од страна на носителот на набавката нема да биде во согласност со издадената писмената порачка или ќе биде извршена без писмена порачка издадена од договорниот орган, истата ќе се смета за неважечка, а трошоците нема да се признаат, односно ќе паднат на товар на носителот на набавката.

Испораката на стоката предмет на договорот ќе се врши во просториите на договорниот орган во Скопје.

За извршената испорака двете договорни страни потпишуваат документ - испратница и/или записник.

Договорниот орган по потреба може за дел од ставките дадени во Листата на потрошни делови и алати да порача повеќе количини, додека за дел од наведените ставки воопшто да не изврши порачка.

Договорниот орган не е обврзан да порача количини од сите наведени ставки во Листата на потрошни делови и алати.

## IV. НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

### Член 5

Договорниот орган ќе го изврши плаќањето врз основа на доставена фактура од страна на носителот на набавката, по извршената испорака врз основа на писмена порачка.

Фактурата за извршената испорака се доставува на договорниот орган на следнава адреса: Министерство за финансии, ул. „Даме Груев" бр.12, Скопје.

Кон фактурата задолжително се приложува потпишана испратница/записник со која се потврдува уредно извршената испорака.

Доколку доставената фактура не содржи испратница/записник нема да се реализира и ќе биде вратена на докомплетирање.

Договорниот орган ќе го врши плаќањето во рок од 30 (триесет) календарски денови од денот на приемот на фактурата.

## V. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

### Член 6

Носителот на набавката се обрзува дека ќе ја изврши испораката согласно со прифатената понуда и одредбите од овој договор.

Носителот на набавката се обврзува дека предметот на договорот што ќе биде испорачан ќе биде од типот и составот што ги посочил во понудата и ќе ги има истите технички карактеристики како во Листата на цени за алати и потрошни делови која е составен дел на овој договор (прилог кон договорот).

Носителот на набавката е должен да се придржува кон рокот за извршување на предметната набавка кој е дефиниран во член 4 став 2 на овој договор.

## VI. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

### Член 7

Договорниот орган го задржува правото да изврши тестирање на алатите и потрошните делови, доколку се сомнева во квалитетот на истите.

Доколку по извршеното тестирање на алатите и потрошните делови договорниот орган утврди дека истите не се исправни, носителот на набавката е должен да го замени материјалот со материјал кој е во согласност со законската

регулатива во Република Северна Македонија или во спротивно носителот на набавката ќе биде одговорен за надомест на настанатата штета.

Член 8

Договорниот орган се обврзува во писмената порачка да определи лица кои ќе бидат задолжени да извршат квалитативен и квантитативен прием на стоката – предмет на договорот и кои ќе ја потпишат испратницата.

Договорниот орган се обврзува да ја плати уредно доставената фактура според условите дефинирани во член 5 од овој договор.

## VII. РОК НА ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 9

Договорот е со важност од 12 (дванаесет) месеци од денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

## VIII. УСЛОВИ ЗА РАСКИНУВАЊЕ ИЛИ ПРЕКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 10

Овој договор може да се раскине спогодбено во согласност на двете договорни страни.

Член 11

Овој договор може да се раскине и еднострано поради непридржување на одредбите на договорот, а согласно со овој договор или закон.

Договорната страна која поради непридржување или несполнување кон договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање во писмена форма.

Договорот се смета за раскинат со денот на приемот на известувањето за раскинување на договорот.

Доколку дојде до раскинување на договорот поради неисполнување или ненавремено исполнување на обврските на договорот од страна на носителот на набавката, покрај наплата на банкарската гаранција, носителот на набавката ќе биде одговорен за евентуалната штета што би ја предизвикал на договорниот орган како директна или индиректна последица на неговото работење.

Член 12

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнување на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

Член 13

Кога договорната страна нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна, може да и остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Рокот од став 1 на овој член може да биде продолжен само по писмено барање на носителот на набавката и писмена согласност на договорниот орган.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може еднострано да го раскине договорот.

Член 14

Ако по склучувањето на договорот настапат околности што го отежнуваат исполнувањето на обврската на едната договорна страна или ако поради нив не може да се оствари целта на договорот, во таа мера што е очигледно дека договорот повеќе не им одговара на очекувањата на договорните страни и дека според општото мислење би било несправедливо, да се одржи во сила таков каков што е, страната на која и е отежнато исполнувањето на обврската, односно страната која што поради променетите околности не може да ја оствари целта на договорот може да бара договорот да се раскине.

Раскинување на договор не може да се бара ако страната што се повикува на променетите околности била должна во време на склучувањето на договорот да ги земе предвид тие околности или можела да ги избегне или да ги совлада.

Страната која бара раскинување на договорот не може да се повикува на променетите околности што настапиле по истекот на рокот определен за исполнување на нејзината обврска.

Договорот нема да се раскине ако другата страна понуди или се согласи соодветните услови од договорот да се изменат справедливо.

Член 15

Страната која бара раскинување на договорот поради променетите околности, должна е за својата намера да ја извести другата страна штом дознала дека настапиле такви околности, а ако тоа не го стори одговара за штетата што другата страна ја претрпела поради тоа што барањето не и било соопштено на време.

Член 16

Договорниот орган и носителот на набавката се согласни ниту една од договорните страни да не биде одговорна кон другата договорна страна за неисполнување на одредбите од овој договор, односно за настанатите штети

предизвикани од неисполнувањето на обврските што произлегуваат од овој договор, до кое би дошло заради настапување на "виша сила".

Под „виша сила" се подразбираат настани или околности на кои договорните страни не можат да влијаат и се надвор од нивната контрола, а го попречуваат нормалното извршување на договорот (елементарни непогоди, воени дејства, граѓански немири, штрајкови и сл.).

Вишата сила не вклучува настан што е предизвикан од небрежност или намерна активност што би предизвикала застој во извршувањето на обврските од договорот.

Ако една од договорните страни е спречена заради настапување на „виша сила" да ги извршува обврските според овој договор, должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за „вишата сила" и по можност обезбедување на соодветен доказ.

За време на траењето на „вишата сила"сите права и обврски од овој договор мируваат.

Договорните страни се обврзуваат на ист начин да ја известат договорната страна за повторното воспоставување на нормални услови за извршување на договорот, односно за престанокот на дејството на вишата сила.

По отстранувањето на „вишата сила" договорот продолжува да се реализира.

Ако исполнувањето на договорените обврски мора да се одложи поради настапувањето на „вишата сила" повеќе од три месеци, договорните страни се согласуваат да договорат нови услови за исполнување на договорот или за раскинување на договорот.

## IX. ОПШТИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 17

Изменувања и дополнувања на договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување на договорот е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Договорот може да се изменува и дополнува со анекс на договорот потпишан од двете договорените страни во согласност со Законот за јавните набавки.

### Член 18

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на третата страна, без заемна писмена согласност.

Член 19

За сé што не е предвидено со овој договор, се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, Законот за јавните набавки и од другите позитивни прописи во Република Северна Македонија.

Член 20

Во случај на спор, договорните страни се согласни спорот да го решат спогодбено, а доколку во тоа не успеат, согласни се спорот да го решава предметно надлежниот суд во Скопје.

Член 21

При секоја обработка на личните податоци во текот на реализацијата на овој договор, соодветно ќе се применуваат одредбите од Законот за заштита на личните податоци.

Член 22

Овој договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои 2 (два) примероци за договорниот орган и 2 (два) за носителот на набавката.

ДОГОВОРЕН ОРГАН:
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
СКОПЈЕ

МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ
Dr. Fatmir Besimi

НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА:
ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО
ТРГОВИЈА И УСЛУГИ
ИНВЕТО ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ
СКОПЈЕ

УПРАВИТЕЛ
Горан Андоновски

Изработил: Петрина Мале
Контолирал: Даниела Јанкова
Елизабета Калачоска
Одобрил: Татјана Васева
Проверил: Daut Hajrullahi
м-р Маја Стаменковска Угриновска
Согласен: д-р Јелена Таст

– Сектор за правни работи–

Прилог кон договор - Листа на цени за алати и потрошни делови

| Табела А - Потрошни делови | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| Р.Б. | ОПИС | КОЛИЧИНА | ЕДИНЕЧНА ЦЕНА БЕЗ ДДВ |
| 1. | Електричен отворач на врата NADAL BADAL S.A -1711 ;12V DC-или еквивалент | 1 | 2.200,00 |
| 2. | VOXIO-E-3140-A читач -phg Peter Hengstler-или еквивалент | 1 | 7.000,00 |
| 3. | Флуо сијалица интегрирана PL-C 18W /840 /4P -Philips-или еквивалент | 1 | 240,00 |
| 4. | Флуо сијалица интегрирана PL-C 26W/840/4P ,1800lumen -Philips-или еквивалент | 1 | 320,00 |
| 5. | Флуо цевка TL5 HE 14W/830-Philips-или еквивалент | 1 | 250,00 |
| 6. | Флуо цевка TL5 HE 14W/840-Philips-или еквивалентно | 1 | 250,00 |
| 7. | Флуо цевка TL5 HE 28W/840-Philips-или еквивалент | 1 | 290,00 |
| 8. | Флуо цевка TL5 HO 80W/840-Philips -или еквивалент | 1 | 450,00 |
| 9. | Флуо цевка кружна TL5C 60W/840 ,5000 lumen-Philips-или еквивалент | 1 | 1.000,00 |
| 10. | ЛЕД сијалица со грло Е-27 13W 3000K 1055lm 78mA 220-240 50-60Hz-Osram-или еквивалент | 1 | 200,00 |
| 11. | UV Block MHN-TD B , 150W /842 Philips-или еквивалент | 1 | 2.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 12. | Сензор за движење 220/240V, 50-60Hz модел HY/MS/360/W-Hyundai Lighting-или еквивалент | 1 | 600,00 |
| 13. | Придушница HF-P2 14 35 TL5 HE -или еквивалент | 1 | 1.000,00 |
| 14. | Придушница HF-Ri TD /60TL5 C E+ -или еквивалент | 1 | 1.500,00 |
| 15. | Придушница Xitanium 25W/ 0.3-IA 36V TD/I 230V ; 25 W LED-или еквивалент | 1 | 3.500,00 |
| 16. | Продолжен кабел со 3 (три) приклучоци и прекинувач, со должина 3м | 1 | 650,00 |
| 17. | Продолжен кабел со 5 (пет) приклучоци и прекинувач, со должина 3м | 1 | 950,00 |
| 18. | Соларна светилка 60w | 1 | 2.500,00 |
| 19. | Соларна светилка 120w | 1 | 3.780,00 |
| 20. | Кабел HDMI M/M 1.8m v.2.0 4K Cablexpert with ethernet или еквивалент | 1 | 1.000,00 |
| 21. | спреј WD-40 400ml | 1 | 390,00 |
| 22. | универзален спреј за подмачкување 400ml | 1 | 540,00 |
| 23. | Лед лента 1 метро | 1 | 100,00 |
| 24. | Трафо 220/12 40W за лед лента | 1 | 780,00 |
| 25. | Брава за алуминска врата,ширина 35мм , 85 мм осовински висина од квака до цилиндар | 1 | 1.460,00 |
| 26. | Брава за метална ПП врата ширина 65мм , осовинска висина од квака до цилиндар 85мм | 1 | 1.920,00 |
| 27. | Штекер шуко модулар | 1 | 300,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 28. | Штекер двоен модулар | 1 | 450,00 |
| **Табела Б - Алати** | | | |
| 1 | Акумулаторски ударен одвртувач со прибор | 1 | 4.800,00 |
| 2 | ШТРАФЦИГЕРИ СЕТ 7ПАР ТМ електричарски | 1 | 800,00 |
| 3 | КЛУЧ ОКАСТИ СЕТ 8КОМ 6-22ММ ТМ | 1 | 1.200,00 |
| 4 | КЛУЧ РАЧВАСТИ СЕТ 8КОМ 6-22ММ МП | 1 | 1.600,00 |
| 5 | ФАЗОМЕР 12Б/2065 | 1 | 200,00 |
| 6 | РОТЦАНГЛА Е.Т ГОЛЕМА 2" | 1 | 1.000,00 |
| 7 | ИМБУС КРАТ.HEKS 9КОМ 1.5-10ММЕ.Т.-или еквивалент | 1 | 400,00 |
| 8 | СТЕГИ ПЛАС.ЦРНИ4.8*380ММ Е.Т. | 1 | 100,00 |
| 9 | ИЗОЛИР ТРАКА ЗА СТРУЈА ЦРНА 20М | 1 | 30,00 |
| 10 | ПИЛА ЗА ГИПС ТАБЛА 300ММ Е.Т. | 1 | 240,00 |
| 11 | ПИШТОЛ ЗА СИЛИКОНСКИ СТ.80W Т.Ф | 1 | 400,00 |
| 12 | ЦВИЦАНГЛА 180ММ ТМ | 1 | 800,00 |
| 13 | Скалпер со арматура, 18mm, FORTUM или еквивалент | 1 | 500,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 14 | Ротирачки чекан од 750w со прибор | 1 | 9.500,00 |
| 15 | ЦРЕВО АРМ.AGRIGARDEN 1/2" 50М или еквивалент | 1 | 1.800,00 |
| 16 | МОТАЛИЦА ГРАДИНАРСКА ЗА ЦРЕВО ВИСОКА 40М ОД 1/2" KP501 | 1 | 1.900,00 |
| 17 | ГРАДИНАРСКИ СЕТ 1/2 ОСНОВЕН РЕХАУ 268103-100 или еквивалент | 1 | 300,00 |
| 18 | СПОЈКА ЗА ВРСКА СО ЦРЕВО 1/2 РЕХАУ 268123-200 или еквивалент | 1 | 250,00 |
| 19 | СПОЈКА ДВОЈНА 1/2 РЕХАУ 268163-300 или еквивалент | 1 | 200,00 |
| 20 | РАЗДЕЛНИК РЕХАУ 269747-200 или еквивалент | 1 | 100,00 |
| 21 | ПРИКЛУЧОК ЗА ЦРЕВО РЕХАУ 216524-300 или еквивалент | 1 | 200,00 |
| 22 | Одвртувач телескопски со 6 битови, должина на продолжеток 340mm, CrV, | 1 | 500,00 |
| 23 | Одвртувач со крцкало со Т-рачка за 1/4" битови, прицврстени со магнет, CrV | 1 | 300,00 |
| 24 | Сет одвртувачи изолирани со фазомер, 7пар.3x(-),3x(PH), CrV | 1 | 900,00 |